Од одржан состанок на ден 08.11.2018 година во 20 часот во Неготино.

Предмет на овој записник е изнесување на одлуките, ставовите и мислењата на матичните доктори од Општина Неготино и Општина Демир Капија а по повод донесената одлука на Здравствен Дом Неготино да ги ангажира приватните матични доктори од наведените општини да извршуваат итна медицинска помош и дежурства во рамките на Здравствениот дом Неготино.

Ние како матични доктори не се согласуваме да вршиме дежурство во итна медицинска помош за вршење на итна медицинска дејност, од следниве причини:

1.Матичните доктори се согласија дека своите пациенти да бидат згрижени 24 часа, при што просторните, техничките и ампуларната терапија да бидат обезбедени од Здравствен дом Неготино но не и обезбедување на итна медицинска помош заради точка 2.

2.Немаме соодветна едукација предвидена во правилникот на организацијата и начинот на вршење на работите на итна медицинска помош бр.07-8289/1 од 10.09.2014 година;

3.Сметаме дека не се искористени сите ресурси на Здравствен дом Неготино според Правилникот на ФЗОМ;

4.Докторите на медицина треба да поседуваат положен испит за теоретска основна обука;

5.Докторите немаат сертификати за работа во итна медицинска помош, немаат правна заштита;

6.Ја подржуваме идејата на Министерот за здравство за решавање на проблемот во итна медицинска помош со јавно приватно партнерство.

Овој Записник ќе биде доставен до Здравствен дом Неготино, Министерство за здравство на РМ, ФЗОМ, Лекарска Комора на РМ, ЗПЛРМ, како и медиумите.